**20240401066**

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Врз основа на членот 66 став (1) точка в) од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), Националниот совет за медијација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се утврдува методологијата и начинот за вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите.

## 1. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

Член 2

(1) Начинот на вршење на мониторинот и евалуацијата на квалитетот опфаќа мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и акредитираните програми за обука на медијатори од страна на Националниот совет за медијација (во натамошниот текст: Советот) кој ќе се спроведува преку квалитативни и квантитативни индикатори.

(2) При вршењето на мониторинг и евалуација во медијацијата од страна на Советот, се оценува квалитетот на работењето на медијаторите и обучувачите на медијатори, како и квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори, со пополнување на табела која е дадена во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

(3) Квалитативни и квантитативни индикатори за мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите се:

- поседување на полиса за осигурување и нејзино навремено обновување,
- плаќање членарина на Комора на медијатори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората) пријавување постапки за медијација во Регистарот за евидентирање медијација кој го води Министерството за правда,
- проследување на континуирана обука за стручно усовршување и унапредување на медијаторот,
- почитување на одредбите од Законот за медијација (*), (начелата и постапката на медијација) и други подзаконски акти на Комората,
- почитување на други закони и подзаконски акти поврзани со медијацијата,
- да нема злоупотреба на моќ во орган на управување во Комората /или слично со цел прибавување предмети за медијација за себе/личен развој и лична корист наместо создавање придобивки за медијаторите и медијацијата
- дозволување на присуство на четири постапки за медијација,
- да нема диспропорција на бројот на предмети (постапки) за медијација пред и после стапување на функција во органи на управување во Комората,
- медијаторот да не работи на предмети (постапки) за медијација без обновена (продолжена) лиценца за работа или
- да не е одлучено негативно од страна на Советот за поднесената претставка/и против медијаторот за негова повреда при вршењето на медијаторските работи.

(4) Листата на индикатори за квалитетот на работењето на медијаторите е дадена во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

(5) Квалитативни и квантитативни индикатори за мониторинг и евалуација на кквалитетот на работењето на обучувачите на медијатори се:

- позитивно евалуирање на учесниците вклучени во обуката и
- придржување на содржината на соодветната програма за спроведување на обуката.

(6) Листата на индикатори за квалитетот на спроведувањето на квалитетот на работењето на обучувачите на медијатори е дадена во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

(7) Квалитативни и квантитативни индикатори за мониторинг и евалуација на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори се:

- позитивно евалуирање на учесниците вклучени во обуката и
- придржување и целосно исполнување на содржината на акредитираната Програма за обука од страна на Советот.

(8) Листата на индикатори за квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори е дадена во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

## 1.1. ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Член 3

(1) Евалуацијата на квалитетот на работењето на медијаторите и нивното постапување согласно нивните обврски и задолженија се врши преку континуирано следење на работата на медијаторите и нивно редовно и вонредно оценување.

(2) Редовното оценување на работата на медијаторите се врши најмалку еднаш во годината,  а по потреба може да се изврши и вонредното оценување во случај ако е доставено претставка, укажување, и слично.

(3) Листата за следење и оценување на работата на медијаторите е дадена во Прилог 5 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Оценувањето на работата на медијаторите се врши по ред според извршениот упис на медијаторите во Именикот на медијатори кој го води Комората.

Член 5

За оценувањето на работата на медијаторите Советот навремено ќе го извести медијаторот дека во наредниот период ќе се спроведе евалуација и оценување на медијаторот.

Советот по електронска пошта ќе му достави на медијаторот евалуативни листи со укажување да ги пополни најдоцна до 14 дена од денот на приемот и пополнети, потпишани и скенирани од негова страна да ги достави до Советот по електронски пат.

За оценувањето на работата на медијаторите Советот навремено ќе го извести медијаторот за точниот датум, место и термин на оценувањето.

При оценувањето на работата на медијаторите, Советот соработува со Министерството за правда во размената на податоци од Регистарот за примени барања за медијација, кои од страна на Министерството за правда се доставуваат до Советот.

При оценувањето на работата на медијаторите, Советот соработува со Комората на медијатори на РСМ за информација за платени/ неплатени членарини на сите медијатори кои се членови на Комората, за годините кои се предмет на евалуација кои од страна на Комората се доставуваат до Советот.

## 1.2. ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОБУЧУВАЧИТЕ НА МЕДИЈАТОРИ

Член 6

(1) Евалуацијата и оценувањето на квалитетот на работењето на обучувачите на медијатори се врши преку континуирано следење на нивната работа и нивно редовно/или вонредно оценување по спроведување на обуките за кои се ангажирани како обучувачи, земајќи го во предвид доставениот извештај за спроведена обука со прилог евалуативни листи пополнети од кандидатите кои ги следеле нивните предавања за време на обуката.

(2) Редовното оценување на квалитетот на работењето на обучувачите се врши најмалку еднаш во две години, за годината/годините кои претходеле на тековната година, а по потреба се врши и вонредното оценување во случај ако е доставено претставка, укажување и слично.

## 1.3. ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ

Член 7

(1) Евалуацијата и оценувањето на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори се врши преку континуирано следење на работата на акредитираниот субјект по спроведување на обуките за кои има добиено акредитација.

(2) Редовното оценување на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори Советот го врши најмалку еднаш во пет години согласно овој правилник.

(3) Советот може да врши и вонредно оценување во случај ако е доставено претставка, укажување и слично.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА МЕДИЈАТОР

Член 8

Медијаторот кој има лиценца за медијација ќе биде евалуиран со индикатори за квалитет, и тоа: „исполнува“, „не исполнува“.

Член 9

(1) За извршеното оценување се изготвува записник од страна на Советот кој по извршената евалуација го потпишуваат членовите на Советот кои биле присутни на евалуацијата и медијаторот чија работа се евалуира.

(2) Доколку медијаторот добие укажување за подобрување или исправка при извршување на медијаторските работи, истото се внесува во записникот.

(3) Медијаторот на кого му е упатена забелешка од ставот 2 на овој член, постапува по укажувањето и го известува Советот најдоцна осум дена од добивањето на укажувањето.

(4) Ако медијаторот одбие да го потпише записникот, Советот ја констатира и наведува причината и соодветно постапува согласно овој правилник.

(5) За извршениот мониторинг и евалуација се изготвува писмен извештај кој се доставува до медијаторот, обучувачот на медијатори и до правното лице акридитирано за спроведување на обука.

Член 10

(1) Медијаторот кој е запишан во Именикот на медијатори, обучувачот на медијатори запишан во Регистарот на обучувачи, односно Акредитираното правно лице запишано во Регистарот на Акредитирани програми, ја обезбедува целокупната документација и информации во врска со мониторингот и евалуацијата на неговата работа за потребите на спроведувањето на мониторингот и евалуација од страна на Советот согласно Законот за медијација (*) и овој правилник.

(2) Одбивањето на давање информации и документација за Советот за потребите на мониторинг и евалуација на работата на медијаторите, обучувачите на медијаторите и

акредитираните програми, како и давањето информации кои не кореспондираат со нивната работа, претставува основ за соодветно постапување, согласно овој правилник.

## ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ

Член 11

Следење и оценување на квалитетот на обучувачите на медијатори се врши врз основа на следните индикатори:

- позитивно евалуирање на учесниците вклучени во обуката и
- придржување на содржината на акредитираната Програма за обука.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКРЕДИТИРАНА ПРОГРАМА

Член 12

(1) Евиденцијата на квалитетот на спроведување на акредитираната програма за обука на медијатори се врши врз основа на следните индикатори:

- позитивно евалуирање на учесниците вклучени во обуката и
- придржување и целосно исполнување на содржината на акредитираната Програма за обука од страна на Советот.

(2) Евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори Советот ја врши најмалку еднаш во пет години, согласно овој правилник.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за методологијата и начинот на вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, бр.01-1631/1 од 6.6.2023 година.

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Број 20-584/1
5 февруари 2024 година
Скопје

Национален совет за медијација
Национален координатор,
д-р **Јелисавета Георгиева Јовевска**, с.р.

**Прилози кон Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите бр. од 20-584/1 од 05.02.2024**

**Прилог 1**

НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

Пополнете ја табелата со штиклирање на соодветната опција, односно начините што ги користевте во оценувањето на квалитетот на медијацијата

| Да | Не | Дата | Начини на оценување на квалитетот на работата од областа на медијација од страна на членовите на Советот |
|---|---|---|---|
| | | | Интервју со медијатори |
| | | | Теренски посети на обуки од акредитирани програми за медијација |
| | | | Интервју со спроведувачи на акредитирани програми за обука |
| | | | Поднесена претставка, укажување и сл. |
| | | | Листа за следење на оценување работата на медијаторите |
| | | | Полиса за осигурување со период на покритие |
| | | | Други наоди |

**Прилог 2**

ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА МЕДИЈАТОРОТ

Пополнете ја табелата со штиклирање на индикаторите во соодветното поле (да, не, друго) Доколку имате дополнителни сознанија од посетата на терен или воденото интерју со медијаторот, запишете го описно во делот Забелешка

| **А. Индикатори за квалитетот на работат на медијаторот** | **Да** | **Не** | **Друго** |
|---|---|---|---|
| Дали поседува полиса за осигурување и дали навремено ја обновува | | | |
| Дали плаќа членарина на Комора на медијатори на Република Северна Македонија | | | |
| Дали пријавува постапување во предмети кои му се доверени во Регистарот за евидентирање медијација и кој го води Министерството за правда | | | |
| Дали учествува на обука за стручно усовршување и унапредување на медијаторот | | | |
| Забелешка | | | |
| **Б. Други индикатори** | **Да** | **Не** | **Друго** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Повреда и непочитување на одредбите од Законот за медијација(*), (начелата и постапката на медијација) и други подзаконски акти на Комора на медијатори на Република Северна Македонија | | | |
| Непочитување на други закони и подзаконски акти поврзани со медијацијата | | | |
| Злоупотреба на моќ во орган на управување во Комората на медијатори на Република Северна Македонија /или слично со цел прибавување предмети за медијација за себе/личен развој и лична корист наместо создавање придобивки за медијаторите и медијацијата | | | |
| недозволување на присуство на четири постапки за медијација | | | |
| Голема диспропорција на бројот на предмети (постапки) за медијација пред и после стапување на функција во органи на управување во Комората на медијатори | | | |
| Работа на предмети (постапки) за медијација без обновена (продолжена) лиценца за работа | | | |
| Број и вид на поднесени претставки за повреда на работата на медијаторот | | | |
| Забелешка | | | |

**Прилог 3**

ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОБУЧУВАЧИТЕ НА МЕДИЈАТОРИ

| Индикатори за квалитетот на работењето на обучувачите на медијатори | Да | Не | Друго |
|---|---|---|---|
| Евалуација од страна на учесниците вклучени во обуката | | | |
| Дали се придржува до содржината на соодветната програма за спроведување на обуката | | | |
| Забелешка | | | |

**Прилог 4**

ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АКРЕДИТИРАНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА МЕДИЈАТОРИ

| Индикатори за квалитетот на Акредитираната програма за обука за медијатор | Да | Не | Друго |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Евалуација од страна на учесниците вклучени во обуката | | | |
| Дали се придржува и целосно ја исполнува содржината на акредитираната Програма за обука од страна на Советот | | | |
| Забелешка | | | |

**Прилог 5**

## ЛИСТА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Пополнете ја табелата со опис на индикаторите во соодветното поле. Доколку имате дополнителни сознанија од посетата на терен или воденото интервју со соодветното лице запишете во делот Забелешка

| Индикатори за следење и оценување на работата на медијаторите | Опис |
|---|---|
| Примени барања во работа, за спроведување на медијација (број, начин на доставување до медијаторот, означување, пропратни документи, процесирање и сл.) | |
| Лица кои поднесуваат барање за спроведување медијација (физички лица/правни лица, начин на идентификација, начин на застапување и сл.) | |
| Начин на иницирање на медијацијата-доброволно или поради пропишан задолжителен обид за медијација според закон или договор | |
| Време кога е започната медијацијата: пред поведување судска постапка или по поведена судска постапка (со барање или по донесено решение од надлежен суд за запрена постапка поради упатување на решавање на спорот со медијација) | |
| Начин на комуникација на медијаторот со заинтересираните страни (адреса за коресподенција, канцелариски простор, користење печат/штембил, време на обавување на дејноста на медијаторот и сл.) | |
| Видови на спорови во медијација за кои е поднесено барање до медијаторот (облигациони односи, работни спорови, кривична постапка, постапка со малолетници, потрошувачки спорови и сл.) | |
| Број на постигнати спогодби во медијација | |

| | |
|---|---|
| (солемнизирани/несолемнизирани и дали се пријавени во Регистарот за евидентирање на постапки во Министерството за правда) | |
| Број на постапки во кои се започнало со преговори но не дошло до спогодување (отстапување, престан на правно лице, смрт на физичко лице, истек на рок за спроведување медијација и сл. за кои медијаторот дал изјава, дали се пријавени во Регостарот за евиденција на предмети на медијација во Министерството за правда) по член 25 став 1 точките 4, 5, 6, 7,8, и 9 од Законот за медијација(*) | |
| Број на постапки за кои е направен обид за медијација но не е покажан интерес на поканетата страна во медијација или медијаторот смета дека водењето постапка е нецелисходно, за кои дал изјава по член 25 став 1точка 3 од Законот за медијација(*) (и дали се пријавени овие случаи во Министерството за правда за евиденција во регистарот за евидентирање на предмети на медијација) | |
| Број на постапки за кои медијаторот не издал изјава односно спогодба, со наведување на причина (не изготвил спогодба бидејќи ја изработил адвокат или страната, сметал дека не треба ништо да се издаде и сл.) | |
| Писмена за спроведени дејствија кои ги изработува медијаторот (покана известување, договор, трошковник, изјави за согласност, пропратни писма и сл.) | |
| Број на постапки кои медијаторот ги спровел согласно член 31 став 6 од Законот за медијација (*) (бесплатно) | |
| Начин на плаќање на трошоците (пред започнување преговори како депозит, по завршување на медијацијата, приложени докази, дали се издава трошковник или друг документ и сл.) | |
| Субвенционирање (дали се искористени субвенции за покривање на дел од трошоците по член 35 од Законот за медијација(*), поднесени барања до Министерството за правда, одбиени барања и сл.) | |
| Ко-медијација (дали медијаторот учествувал во постапка на медијација како ко-медијатор и информација за тие | |

| | |
|---|---|
| постапки) | |
| Дали поседува полиса за осигурување и дали навремено ја обновува | |
| Дали плаќа членарина на Комора на медијатори на Република Северна Македонија | |
| Дали пријавува постапување во предмети кои му се доверени во Регистарот за евидентирање медијација и кој го води Министерството за правда | |
| Дали учествува на обука за стручно усовршување и унапредување на медијаторот | |
| Дали прави повреда и непочитување на одредбите од Законот за медијација(*), (начелата и постапката на медијација) и други подзаконски акти на Комора на медијатори на Република Северна Македонија | |
| Дали ги почитува другите закони и подзаконски акти поврзани со медијацијата | |
| Дали има злоупотреба на моќ во орган на управување во Комората на медијатори на Република Северна Македонија /или слично со цел прибавување предмети за медијација за себе/личен развој и лична корист наместо создавање придобивки за медијаторите и медијацијата | |
| Дали дозволува присуство на четири постапки за медијација | |
| Дали бројот на предмети за медијација е зголемен со стапување на сила во орган или тело на управување во Комората на Медијатори | |
| Дали за медијаторот при поднесени претставки (и кој е видот и природата на претставката) е негативно одлучено од страна на Советот дека медијаторот прави повреда при вршење на медијаторските работи | |
| Дали медијаторот работи без обновена (продолжена) лиценца за работа | |
| Забелешка | |